# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ГРЧКАТА КОНКУРЕНТСКА КОМИСИЈА

На ден 29.09.2021 година во Атина, Република Грција, Претседателот на Комисијата за заштита на конкуренција на Република Северна Македонија Проф. Д-р. Владимир Наумовски и Претседателот на Грчката Конкурентска Комисија Проф. Јоанис Лианос склучија **Меморандум за соработка во областа на конкурентското право и политика.** Целта на меморандумот е унапредување и зајакнување на соработката помеѓу овие две институции во согласност со обврските на Република Грција како земја членка на ЕУ и обврските на Република Северна Македонија како земја кандидат. На потпишувањето присуствуваше и Амбасадорката на Република Северна Македонија во Република Грција Лидија Бошковска.

На денот на потпишувањето на меморандумот, Грчката Конкурентска Комисија имаше своја презентација за платформата за обработка на податоци и економска интелегенција, која е иновативна алатка и која ги интегрира и континуирано ги ажурира, јавно достапните извори на податоци, во соодветна заедничка база на податоци.




